

# Вработувањето и работните услови за новинарите во Република Македонија

**Автори: Марина Тунева, истражувач**

**Славчо Миленковски, асистент на истражувањето[1]**

**Јануари 2015, Скопје**

[1] Марина Тунева, директор на Советот за етика во медиумите на Македонија; предавач на Високата школа за новинарство и односи со јавноста; обучувач во областа на новинарството и односите со јавноста. Славчо Миленковски е програмски асистент во МИМ, работи на проекти поврзани со областите говор на омраза, меѓуетничка интеграција,истражувања на медиумите и продукција на мултимедијални содржини.

СОДРЖИНА

**ВОВЕД..........................................................................................................................3**

**I. Рамка за вработувањето и работните услови за новинарите во Македонија .............................4**

1. Уставни начела ....................................................................................................................4

2. Основна национална рамка за вработување на медиумските работници и новинарите ...............5

3. Генерален контекст на работничките права на медиумските работници и новинарите во РМ......8

**II. Работните услови и пазарот на труд – перспективата на новинарите во Македонија .............11**

1. Најпроблематични аспекти на медиумскиот пазар на труд ..........................................................11

2. Предложени мерки и добри практики за решавање на забележаните проблеми .......................13

3. Пристапот кон ЕУ и работните услови за новинарите**...............................................................13**

**ЗАКЛУЧОЦИ**

## ВОВЕД

Истражувањето за работните услови на новинарите беше спроведено како дел од проектот „Партнерство на Југоисточна Европа за развој на медиумите“, што го реализира Центарот за независно новинарство од Романија, а е поддржано од Европската Комисија. Македонскиот институт за медиуми е еден од партнерите на проектот, заедно со Институтот за медиуми во Албанија, Фондацијата за развој на медиумите и граѓанско општество Медиацентар во Босна и Херцеговина, Медиумски иницијативи – Асоцијација за развој на медиумите и промовирање на професионалното новинарство (БиХ), Институтот за медиуми во Црна Гора, Фондацијата Центар за медиуми (Србија), Центарот за медиуми и реформи во Ниш (Србија) и Центарот за развој на медиумите (Бугарија).

Методологијата за истражувањето беше подготвена во соработка со партнерите на проектот и истражувачите и соодветно применета во истражувачката работа што ја спроведе Македонскиот институт за медиуми. Покрај деск-истражувањето, што опфати анализа на правната рамка и различни публикации и анализи во однос на темата, беа спроведени и длабински интервјуа со 20 новинари/уредници во медиумите во Македонија во периодот ноември-декември 2014 година. Изборот на медиумите беше направен врз основа на неколку аспекти што се неопходни за да се обезбеди претставување на клучните сегменти на спектарот на национални медиуми, како што се: а) видови на медиуми (печатени, електронски и Интернет), б) публиката што ја опфаќаат, в) географскиот опфат (национални, регионални и локални), г) јазикот што го користат (медиуми на македонски и медиуми на албански јазик), итн.

# I. Рамка за вработувањето и работните услови за новинарите во Македонија

## 1. Уставни начела

Во рамки на Уставот на Република Македонија[2] во делот ***"Граѓански и политички слободи и права"*** во член 11 е наведено дека е забранета присилната работа. Како надоврзување на ова, во вториот дел кој се однесува на ***"Економските, социјалните и културните права",*** сите стандардни принципи во однос на индивидуалните права на граѓаните се наведени заедно со основните права на работењето. Во овој контекст, со член 32 се гарантира дека **секој има право на работа,** слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност; секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место; секој вработен има право на соодветна заработувачка; секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори. Сите детали се објаснети во Законот за работни односи кој се однесува на сите вработени во Македонија – без разлика дали се вработени во приватниот или во јавниот сектор. Членовите 33 и 34 од Уставот објаснуваат дека секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки, а од друга страна, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и **колективен договор.** Во овој контекст, интересно е да се забележи дека Уставот го спомнува и колективниот договор како легален документ кој ги утврдува сите понатамошни аспекти на социјалната сигурност и социјалното осигурување на вработените. Во член 35 се вели дека: „Републиката се грижи за **социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните** согласно со начелото на социјална праведност". Во истиот член, „Републиката им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани и Републиката им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот".

Важно е да се спомене и член 37 со кој се гарантира **правото на основање синдикати** со цел граѓаните да ги остварат своите социјални и економски права. Синдикатите може да основаат свои сојузи и да членуваат во меѓународни синдикални организации. Понатаму, со член 38 се гарантира **правото на штрајк**. Со закон може да се ограничат условите за остварување на правото на штрајк во вооружените сили, полицијата и органите на управата. И, на крај, членот 39 се однесува на **правото на здравствена заштита**, односно дека граѓаните имаат право да го чуваат и унапредуваат сопственото здравје и здравјето на другите.

---

[2] Устав на Република Македонија, http://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx

## 2. Основна национална рамка за вработување на медиумските работници и новинарите

Основниот закон што се однесува на сите вработени во јавниот и приватниот сектор е Законот за работни односи.[3] Овој Закон подлежи на критика дека во изминатите години бил често менуван - само во последните шест години (2008 – 2014) Законот се менуваше 12 пати. Сиве овие измени и сложеноста на самиот Закон го прават да биде тежок за следење и разбирање од страна на медиумите, а според тоа и од страна на граѓаните, бидејќи измените се доста чести и се спроведуваат во недостиг на јавни дебати.[4]

Кога се анализира содржината на Законот за работни односи, неопходно е да се нагласи дека, во основа, овој Закон ги уредува работните односи меѓу работниците и работодавачите. Сепак, овие односи може дополнително да бидат уредени со колективни договори.

Законот за работни односи ги регулира видовите договори за вработување; правата и обврските на страните (работниците и работодавачот); прекинувањето на договорот; надоместокот; работното време; паузите и одморите; компензацијата; правната заштита на одредени категории на работници (лица под 18 години, жени, постари работници итн). Освен тоа, тој ги опфаќа и прашањата за улогата на синдикатите и здруженијата на вработените, прашањата поврзани со колективните договори, правото на штрајк, инспекцијата и други прашања.

Додека Законот за работни односи се однесува на сите вработени независно од секторот, во Законот за државни службеници се претставени неколку конкретни правила за вработените во јавната администрација. Иако легислативата ја гарантираше независноста на јавниот радиодифузен сервис, Македонската радиотелевизија, вработените во овој медиум беа третирани како државни службеници врз основа на амандманите на Законот за државни службеници. Со ова се поткопуваше принципот на независност при донесување одлуки на јавниот радиодифузен сервис во однос на движењето на работната сила и човечките ресурси. Тој статус значеше дека новинарите се формално одговорни пред Министерството за администрација и информатичко општество со тоа што потпишале два работни договори - еден со јавниот радиодифузен сервис и другиот со Министерството. Поради тоа, Уставниот суд[5] во април 2014 година отстрани делови од Законот за државни службеници со кој новинарите во МРТ беа изземени од Законот и повеќе не се сметаат за државни службеници.

Во контекст на синдикалното организирање, во 2010 беше основан Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) (www.ssnm.mk), во кој членуваат медиумски работници и новинари од сите видови медиуми.

[3] Последната надополнета верзија е објавена во Службен весник на Република Македонија бр.113 од 29.07.2014

[4] Последната финална верзија на текстот на Законот е на веб-страницата на Министерството за правда од 17.02.2014, а последните промени се направени на 29.07.2014

[5] Официјална пресуда на Уставниот суд од 24.04.2013 http://www.ustavensud.mk/domino/WEBSUD.nsf

Во рамки на јавниот сервис, МРТВ, постои колективен договор за новинарите, додека, пак, тоа не е случај кај приватните медиуми.[6] Непостоењето колективни договори во медиумите во приватна сопственост, а особено во националните и регионалните радиодифузери, е недостаток во однос на заштитата на работничките права на новинарите.

Следните закони, исто така се однесуваат на вработените во приватните субјекти/медиуми, како и во МРТВ:

- Законот за заштита од вознемирување на работното место (мобинг)
- Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност
- Закон за минимална плата во Македонија[7]
- Законот за пензиско и инвалидско осигурување
- Законот за вработување на инвалидни лица
- Законот за вработување и работа на странци
- Законот за агенции за привремено вработување
- Законот за волонтерство
- Законот за еднакви можности на жените и мажите
- Законот за трудова инспекција
- Законот за мирно решавање на работните спорови
- Законот за граѓанска постапка
- Законот за извршители
- Законот за материјално обезбедување на невработени лица
- Законот за социјална заштита
- Законот за исплата на платите во Република Македонија
- Законот за задолжително социјално осигурување и
- Законот за празници на Република Македонија.

Освен погоре посочените закони, важно е да се нагласи дека во април 2013 година на иницијатива на Министерството за информатичко општество и администрација, се воведоа значајни реформи во медиумското законодавство. По острите реакции од локалните и меѓународните медиумски здруженија, кои не ја одобрија содржината на нацрт-законот за медиумите што го предложи

[6] Главна цел на Синдикатот е подготовка, преговарање и спроведување на колективните договори врз основа на член 9 од Статутот на ССНМ, http://ssnm.org.mk/statut/

[7] По 20 години независност, а и како единствена држава на Балканот што го немаше регулирано ова прашање, Парламентот во Македонија го усвои овој Закон. Според Законот, минималната плата се определува како 39.6% од просечната бруто плата во текот на претходната година. Пресметано во денари, тоа значеше дека минималната плата во 2012 година била 8.050 денари / Савески, З., Садику, А., Василев, К. (2013) Богатството и сиромаштијата во Македонија 2008-2012

Министерството, овој документ беше поделен во два одделни закона,[8] со тоа што првиот е Законот за медиуми, а вториот е Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во контекст на оваа анализа, поважно е да се земе предвид Законот за медиуми, со оглед на тоа што тој регулира прашања поврзани со работничките права на новинарите, додека другиот се фокусира на регулирање на работата на електронските и печатените медиуми (претходно печатените медиуми не беа опфатени со посебен закон). Реформите во медиумите и усвојувањето на овие закони беше направено со цел да се опфатат главните одредби од Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги, како што наведува Министерството за администрација и информатичко општество, иако медиумската заедница имаше забелешки дека законите не ја пренесуваат Директивата во целост.

Законот за медиуми, во член 2 (став 5) дава дефиниција за тоа што е новинар: ***Новинар** е лице кое врши активности на прибирање, анализа, обработка, обликување и/или класифицирање на информации кои се објавуваат во медиум и е вработен кај издавач на медиум или има склучен договор со истиот или е лице кое врши новинарска дејност како самостојно занимање (слободен новинар*). Тука треба да се напомене дека на ниво на Европа не постои генерално прифатена дефиниција за „новинар“.[9]

Понатаму, Законот за медиуми оди подлабоко во регулирањето на работните односи на новинарите во рамки на медиумот, односно во член 11 кој се однесува на правото на новинарот да го искаже својот став и да одбие да изврши налог, се вели: *(1) На новинарот не може да му се раскине договорот за работа, да му се намали платата или промени позицијата во уредништвото или редакцијата, односно да му се намали или прекине исплатата на договорениот надомест или нејзин дел, како и да му се намалат или укинат и некои од другите права утврдени во Законот за работните односи, заради изнесување на свое мислење и став, доколку се во согласност со професионалните правила на новинарската професија од членот 10 став (3) од овој закон.*

*(2) Новинар има право да одбие да изготви, напише или да учествува во составување на прилог чија содржина е против професионалните правила на новинарската професија за што на одговорниот уредник му доставува писмена изјава.*

*(3) Одредбите од овој член не ја исклучуваат одговорноста на новинарите во случаи определени согласно Законот за работни односи.*

[8] Од декември 2014, Законот за радиодифузна дејност е заменет со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми
http://avmu.mk/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=61&Itemid=99&lang=mk

[9] Коментар од DG1(2013)10, 31 мај 2013, "Opinion Of The Directorate General Human Rights And Rule Of Law Department Of Information Society" подготвено врз основа на експертизата на Bernd Möwes за нацрт-законот за медиуми и аудиовизуелни услуги на Македонија.

Со овие одредби новинарите формално се заштитуваат доколку се под влијание на уредникот, но не постојат гаранции дека ова ќе се применува во реалноста, имајќи го предвид локалниот контекст на функционирањето на медиумите и високото ниво на политичко влијание врз медиумските сопственици.

### 3. Генерален контекст на работничките права на медиумските работници и новинарите во РМ

#### А) Не постои конкретен колективен договор за правата на медиумските работници и новинарите во приватните медиуми

Како последица на ова, односите меѓу сопствениците на медиумите и медиумските работници, како и новинарите не се регулирани, независно од одредбите во законите што генерално се однесуваат на приватниот сектор. Според тоа, не постои усогласена минимална месечна плата што создава големи разлики во новинарските приходи во зависност од видот на медиум за кој работат. Работничките и професионалните права на новинарите не се соодветно заштитени (на пример, со договори за работа). Безбедноста на работното место е на ниско ниво, новинарите работат во небезбедни услови без регулирани договори, работнички права и плати, со што се создава однос на зависност и отстапки кон работодавачите и нивните политички или бизнис спонзори.[10]

Како директен резултат на тоа е високото ниво на несигурност што го чувствуваат новинарите при што, врз основа на последните анкети: 77% изјавиле дека нивното вработување е неизвесно, 33,7% велат дека вработувањето е апсолутно неизвесно, додека 43,3% сметаат дека нивната работа е генерално несигурна, што е малку понизок степен на неизвесност.[11] Просечната новинарска плата е околу 300 Евра, иако досега не е реализирано истражување во врска со ова прашање.

#### Б) Слободните новинари се погодени од ситуацијата

Во петте терестријални телевизиски станици кои во 2013 година емитуваа програма на државно ниво биле вработени вкупно 698 лица, од кои 527 биле во редовен работен однос, а 171 биле хонорарно ангажирани. Од вкупниот број на вработени во ТВ 24 Вести, ТВ Канал 5 Плус, ТВ Сонце и ТВ Наша, (ТВ Сител 3 не прикажала ниту едно вработено лице), 135 лица биле во редовен работен однос, а 132 биле хонорарно ангажирани.[12]

---

[10] Трпевска, С., Мицевски.И, (2014) Зошто е важен интегритетот во медиумите, Македонски институт за медиуми

[11] Поповиќ, Ј., Рудиќ, Б, и други, уредник Чаусидис, Т. (2014) Прекарна работа во медиумската индустрија, ССНМ

[12] Анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија според етничка припадност во 2013 година спроведена од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достапна на

Ситуацијата во регионалните и локални медиуми е уште поизразена во овој контекст, што нѐ води до заклучок дека **голем процент од медиумските работници и новинарите немаат редовни, постојани работни договори**. Кога медиумскиот работник/новинарот нема договор за редовен работен однос не постојат и правни гаранции за исполнување на нивните основни работнички права според Законот за работни односи, како што се социјално и здравствено осигурување, право на одмор, боледување, итн. Друг аспект е времетраењето на таквите договори, кои може да бидат од еден до неколку месеци, што не овозможува социјална и економска сигурност на новинарите, што би можело, пак, директно да предизвика самоцензура.

**В) Медиумскиот пазар е нарушен и тоа влијае врз работните услови на новинарите**

Повеќе од 200 традиционални медиуми се натпреваруваат на многу мал медиумски пазар, со што се создава лоша економска средина за нормално функционирање на приватните медиуми. Освен јавниот радиодифузен сервис (МРТВ), најголемото мнозинство медиуми во земјата се во приватна сопственост.

Владата се најде на врвот меѓу 50-те најголеми огласувачи во земјата во 2012 година, а во 2013 година беше на прво место.[13] За да опстанат, некои од „мејнстрим“ медиумите (електронски, печатени и Интернет) не ја критикуваат Владата и нејзините политики, а за таквото однесување добиваат јавни средства во форма на владини кампањи.[14] Критички настроените медиуми не добиваат реклами од државните установи/компании, независно од гледаноста.[15] Ова влијае на приходите на таквите медиуми, а со тоа и на финансиската стабилност на новинарите.

Дополнителен притисок се тужбите за клевета што ги поднесуваат високи политичари кон новинари. Тука би можело да се спомне неодамнешниот случај на неделникот „Фокус“[16] и казната затвор од 4,5 години за новинарот Томислав Кежаровски за објавен текст во локален печатен медиум во 2008 година.

---

http://avmu.mk/images/Analiza_na_strukturata_na_vrabotenite_vo_radiodifuznata_industrija_spored_etnicka_pripadnost_za_2013.pdf

[13] Владата е најголемиот огласувач за 2013 година во приватните медиуми. Извор: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги/ http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1246%3Ajaven-povik&catid=94%3A2013-03-04-09-53-19&Itemid=427&lang=mk

[14] Резиме за ситуацијата со медиумите во Македонија на Здружението на новинари на Македонија, достапно на http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/sites/default/files/Summary%20of%20the%20Media%20Situation%20in%20Macedonia%20November%202014_0.pdf

[15] Трпевска, С., Мицевски. И, (2014) Зошто е важен интегритетот во медиумите, Македонски Институт за медиуми

[16] Соопштение за случајот со „Фокус“ од страна на Здружението на новинари на Македонија http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/798

### Г) Право на штрајк

Честите измени и амандмани на Законот за работни односи продуцираа серија репресивни мерки кои го обесхрабруваат штрајкот. Се наметнуваат серија бирократски процедури пред да се започне легитимен штрајк. На пример, во улога на законски организатор на штрајк може да се јави само синдикатот; воведена е обврска за претходен обид за водење постапка за помирување со работодавецот; воведена е можност за плаќање надомест на евентуална штета која би му се причинила на работодавецот, со што се урива смислата на самата институција штрајк; воведена е огромна листа на т.н. производно-одржувачки и нужни работи кои не смеат да се прекинат за време на штрајкот; намалени се правата од работен однос за време на штрајк; воведени се низа прекршочни одредби против „недисциплинираните“ штрајкувачи итн.[17]

### Д) Промена на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување

На почетокот на 2015 година беа донесени измени на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, што им налагаат на граѓаните, кои покрај редовното вработување имаат и некаков хонорарен договор, да плаќаат дополнителен данок за социјално и здравствено осигурување доколку дополнителните примања им се над просечната плата од 21.300 денари. Доколку, пак, станува збор за невработени граѓани кои остваруваат надоместоци по основ на договор за дело, авторски договор или друг вид на договор, придонеси ќе се плаќаат над износот на минималната плата утврдена со закон, односно над 9.590 денари.

Досега оданочувањето изнесуваше 10% од интелектуалните услуги, независно од остварениот бруто приход. Во јавноста овие измени се критикуваат како неуставни. Потписниците на Повелбата за солидарност на синдикатите и здруженијата за заштита на работничките права побараа од Владата да ја одложи примената на амандманите на законите со кои се воведува плаќање придонеси, со цел да се отвори јавна дебата за реперкусиите од оваа мерка. “Сметаме дека овие мерки ќе ја отворат Пандорината кутија за дополнително намалување на работничките права”.[18]

Во медиумската сфера голем процент на новинарите имаат авторски и интелектуални договори, според што нивниот месечен приход значително би се намалил освен доколку медиумите не ги зголемат бруто износите. Ова, пак, од друга страна би можело да доведе и до отпуштања во медиумскиот сектор.

---

[17] Бела книга за професионалните и работни права на новинарите, достапна на http://ssnm.org.mk/bela-kniga/

[18] Заеднички став на потписниците на Синдикалната повелба по повод воведувањето на плаќање на придонеси за задолжително социјално осигурување, достапно на http://lenka.mk/1910/%D0%B7%D0%B0%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B8-%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%B2-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D1%82%D0%BF%D0%B8%D1%81%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%B8%D0%BD/#.VKFpz14BR

# II. Работните услови и пазарот на труд – перспективата на новинарите во Македонија

## 1. Најпроблематични аспекти на медиумскиот пазар на труд

Непостоењето колективни договори за новинарите, хонорарната соработка, како и несигурноста во егзистенцијата поради ниските плати, се меѓу најчесто посочуваните проблеми од страна на интервјуираните новинари. „Колегите во провладините медиуми се пријавени, имаат стаж, здравствено, никој не ги тужи, супер им е“.[19] Хонорарната соработка како проблем интервјуираните новинари најчесто ја посочуваат кај Интернет-порталите. „Ги имаат истите обврски како и редовно вработените, а ги немаат истите права“.[20]

Една од причините на кои се укажува е дека сопствениците на медиумите не ги сфаќаат условите за работа на новинарите како сериозно прашање. Но, како уште поголем проблем, се посочуваат **изворите на финансирање на медиумите**. „И не е само проблемот што Владата едните ги помага, другите не... Тука се и компаниите... се чувствуваат сигурни да се рекламираат таму кај што се рекламира Владата, тоа автоматски создава проблеми за другите медиуми кои не се послушници на власта.“[21]

Во медиумите влегуваат и недоволно обучени новинари, кои покажуваат сервилност кон претпоставените.

**Ограничувањето на слободата на изразување** е друг забележан проблем. Добри и квалитетни новинари пишуваат текстови на начин на кој не би работел ниту почетник. Ова се случува поради притисоците од уредништвото или сопствениците на медиумите. „Некаде можеш да си го видиш името на текст чиј автор не си“.[22] Освен кај работодавачите и уредниците на медиумите, голема одговорност за ова се префрла и на самите новинари, со укажувањето дека тие самите дозволиле да ја играат таквата улога, наместо да бидат коректив во општеството. “Самоцензурата е сега хит во медиумите во Македонија, се измисли и остана“[23]. Во исто време, се укажува и на тоа дека не постои организиран систем на оценување на трудот во редакциите.

Поради состојбите во медиумите „голем дел од новинарските професионалци беа истиснати од ‘мејнстрим’ медиумите. И, што прават тие? Формираат свој медиум кој полека го градат“[24].

[19] Цитат од интервју со новинар во дневен весник и Интернет портал, реализирано на 28 ноември 2014 година
[20] Цитат од интервју со новинар во дневен весник, реализирано на 26 ноември 2014 година
[21] Цитат од интервју со новинар во неделник, реализирано на 12 декември 2014 година
[22] Цитат од интервју со новинар во Интернет портал, реализирано на 5 декември 2014 година
[23] Цитат од интервју со новинар во дневен весник, реализирано на 28 ноември 2014 година
[24] Цитат од интервју со новинар во неделник, реализирано на 12 декември 2014 година

Практиката покажува дека овие медиуми се ретко финансиски одржливи поради недостигот на поддршка од комерцијалниот сектор и ограничените ресурси преку грантови од локалните и меѓународните донатори.

Мислењата се поделени околу **активностите и реакциите на медиумската заедница** кога ќе се случи проблем кој се однесува на работничките права на новинарите. Некои од соговорниците сметаат дека медиумската заедница е немоќна да ги заштити новинарите затоа што, како што велат, конечниот збор го има тој што поседува финансиска моќ. Освен тоа, изнесени се оценки дека здруженијата на новинари покажуваат политичка наклонетост кон едниот или другиот блок, односно владејачката гарнитура или опозицијата. Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), според дел од интервјуираните, овозможило новинарите да се обучат на доста теми,[25] но сепак некои сметаат дека реакциите на ЗНМ не се земаат доволно предвид од страна на власта, а, исто така, и од работодавачите. „Успешно е колку што му е дозволено да биде успешно“.[26] За Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници се смета дека реагира редовно и има доста помогнато во одредени случаи во кои биле доведени под прашање работните место на новинарите. „Мислам дека Синдикатот е оној што најмногу зборува за правата на новинарите“.[27]

Состојбата се оценува како незадоволителна и во јавниот радиодифузен сервис. „Лошото е што во последно време новинарите се гледаат како владини и опозициски. Во самата организација има поделеност“.[28]

Ситуацијата во Република Македонија во оваа сфера најчесто се споредува со онаа во Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина, а како нешто подобра се оценува во Хрватска. Сепак, се смета дека медиумската заедница е посилна во државите од регионот. „Ние сме многу далеку“.[29]

Мал дел од новинарите се задоволни од работните услови во самиот медиум, односно од навременото добивање плата, користењето годишен одмор, како и од опремата што им стои на располагање.

[25] Новинарот Томислав Кежаровски беше приведен во мај 2013 година поради текст напишан и објавен пред пет години во списанието „Репортер 92“. Според обвинението во тој текст тој го открил идентитетот на заштитениот сведок во случајот Ореше. Соочени со преседан во историјата на македонското новинарство – новинар да е во притвор за напишан текст, група новинари формираа Иницијативен одбор за ослободување на Кежаровски.

[26] Цитат од интервју со новинар од печатен медиум/новинска агенција, реализирано на 3 декември 2014 година

[27] Ibid

[28] Цитат од интервју со новинар во МРТВ, реализирано на 5 декември 2014 година

[29] Цитат од интервју со новинар во неделник, реализирано на 12 декември 2014 година

## 2. Предложени мерки и добри практики за решавање на забележаните проблеми

Една од примарните мерки за подобрување на состојбите на која укажуваат соговорниците би била власта да престане со практиката на влијание врз медиумите, а тие да функционираат на слободен пазар. Понатаму, новинарите сметаат дека е неопходно да се зголемат платите, да се обезбеди сигурност и достоинствени работни услови. Состојбите би се подобриле и со регулирање на работниот однос со договор, како и определување на минимална плата.

„Можеби треба да се направат колективни договори“.[30] Дефинирањето јасни и прецизни договори за работа за новинарите според новинарите би се однесувале на тоа „што подразбира работата на новинарот, неговите обврски и обврските на сопствениците на медиумите“.[31]

Од друга страна, се укажува на тоа дека е важно да се смени и свеста на новинарите за да се подобри состојбата во медиумите. За да се постигнат очекуваните промени, неопходно е и единство во медиумската заедница, како и обединување околу заеднички цели.

Истовремено, постои потреба од саморегулација во медиумите како и подобрување на професионалноста на новинарите. „Комбинација на изборот на содржини, професионално работење, сериозност во пристапот е клучот да се привлечат спонзорите и публиката.“[32] Потребно е и јакнење на капацитетите на Синдикатот, односно развивање на неговата структура, како и членство што редовно плаќа членарина за тој да може да функционира. „Но, тој треба да биде поагресивен во дејствувањето“.[33]

Инвестицијата на странски капитал е, исто така, решение што се предлага за подобрување на условите за работа во медиумите. Излезот од состојбите некои новинари, пак, го гледаат во основањето нови медиуми.

Една од предложените мерки е и формирањето фонд за истражувачко новинарство во самите медиуми.

## 3. Пристапот кон ЕУ и работните услови за новинарите

Дел од новинарите сметаат дека хармонизацијата на законодавството со ЕУ нема да влијае на домашните закони кои се однесуваат на работничките права и условите за работа на новинарите. Од друга страна, се смета дека државата ги прави промените само на хартија, „про-форма“, а не суштински.

Други, пак, имаат став дека хармонизацијата не се чувствува во секојдневното работење на новинарите.

---

[30] Цитат од интервју со новинар во национална ТВ, реализирано на 4 декември 2014 година
[31] Цитат од интервју со новинар/уредник во национална ТВ, реализирано на 11 декември 2014 година
[32] Цитат од интервју со новинар во интернет портал, реализирано на 4 декември 2014 година
[33] Цитат од интервју со новинар во јавниот радиодифузен сервис, реализирано на 9 декември 2014 година

Осврнувајки се на искуството со инвестицијата на германската медиумска групација ВАЦ[34] која пред неколку години се повлече од Македонија, дел од новинарите го толкуваат како практикување на истите или слични политики за вработување како и во матичните држави, додека, пак, дел сметаат дека се практикувале лоши, регионални, практики поразлични од тие во матичните држави. „Се приспособуваат на воспоставената практика во медиумите... Ги прифаќаат овдешните услови, не ги задржуваат истите принципи.“[35]

Сепак, се смета дека групацијата овозможила афирмирање на етиката во новинарството. „ВАЦ е единствениот пример кој можеби донесе некаков стандард, сигурност на новинарите во однос на плата, позиција, работен однос.“[36] Причините за повлекување на ВАЦ некои од новинарите ги објаснуваат со политичкиот притисок, прашањето околу медиумската слобода, како и со стратегијата на компанијата за нејзино повлекување од регионот на Југоисточна Европа. „Брзо попуштија пред тој притисок и се повлекоа“[37].

**ЗАКЛУЧОЦИ**

Медиумските работници и новинарите се соочуваат со тешка работна средина во Македонија, која се карактеризира со **недостиг на социјална и економска стабилност**. Ова, исто така, води до тоа медиумските работници и новинарите да бидат лесно ставени под притисок од уредниците, сопствениците на медиумите и на други центри на моќ што, пак, придонесува за зголемување на **цензурата и автоцензурата**. Ефектот на социјална несигурност и хонорарната соработка резултира со недостиг на мотивација, избегнување на истражувачкото новинарство и политички неподобните теми, што, пак, неминовно води кон импровизација во новинарската работа.[38]

Ситуацијата би се подобрила доколку новинарската работа е регулирана со договор и доколку е дефинирана минималната плата. Ниските месечни примања на новинарите, случаи со договори за работа кои не се постојани, непостоење на колективни договори во приватниот сектор, како и слабите синдикати придонесуваат за **неповолната работна средина**, особено во случајот со критичките медиуми. Ова, исто така, влијае врз нивото на почитување на професионалните стандарди во информирањето на публиката, која честопати добива информации кои се со слаб квалитет и неретко содржат елементи на ширење стереотипи, па дури и говор на омраза. Како директна последица на тоа, „мејнстрим“ медиумите покажуваат пристрасност и сервилност во корист на политичките или бизнис елитите и не се ориентирани кон потребите на јавноста за правилно и објективно информирање.

---

[34] ВАЦ (WAZ – Westdeutsche Allgemeine Zeitung) е со седиште во Есен, Германија, а на македонскиот пазар влезе во 2003 година, кога ги презеде трите дневни весници: „Дневник“, „Утрински весник“ и „Вест“. Притоа е формирана компанијата „Медиа принт Македонија". По 9 години сопственост на ВАЦ групацијата, во 2012 година медиумската групација Медиа Принт Македонија ја презеде компанијата Орка Холдинг.

[35] Интервју со новинар во национална телевизија, реализирано на 25 ноември 2014 година

[36] Интервју со уредник на Интернет портал, реализирано на 5 декември 2014 година

[37] Интервју со новинар од национална ТВ, реализирано на 26 ноември 2014 година

[38] Поповиќ, Ј., Рудиќ, Б, и други, уредник Чаусидис, Т. (2014) Прекарна работа во медиумската индустрија, ССНМ

Новата мерка за **зголемување на данокот** за лицата кои се ангажирани со договор за авторска или интелектуална работа (како, на пример, слободните новинари) од 1 јануари 2015 година ќе се примени врз голем број новинари, што, пак, би довело до дополнително ослабување на економската и социјалната сигурност. Синдикатите и здруженијата за заштита на работничките права побараа од Владата да ја одложи примената на законските измени, со цел да се отвори простор за јавна дебата за реперкусиите од овие мерки.

*Истражувањето и извештајот се дел од регионалниот проект „Партнерство на ЈИЕ за развој на медиумите", координиран од Центарот за независно новинарство, Романија и кофинансиран од Европската комисија, преку Програмата за помош на граѓанското општество, слободата на медиумите и отчетноста, EuropeAid/134613/C/ACT/MULTI.*

*Документот е продуциран со финансиска поддршка на Европската Унија. Содржините се одговорност единствено на Центарот за независно новинарство и неговите партнери и во никој случај не може да бидат разбрани дека ги одразуваат позициите на ЕУ.*

Centrul pentru Jurnalism Independent

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ